СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН

Службен гласник на Општина Ресен **-излегува по потреба**	**Четврток 10.12.2015 година** **Бр.13 Год.50** **Ресен**	**Уредува** **Стручна служба** **Тел. 047/551-483**

АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

1.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за избор на приватен партнер за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација, надградба и одржување на системот за јавно осветлување на Општина Ресен

Се прогласува Одлуката за избор на приватен партнер за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација, надградба и одржување на системот за јавно осветлување на Општина Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 09.12.2015 година.

Бр.09-2981/1 Градоначалник
10.12.2015 година д-р Ѓоко Стрезовски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 21-а од Законот за концесии и јавно приватно партнерство(„Службен весник на РМ“, бр.6/2012, 144/2014, 33/2015 и 144/2015), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“,бр.5/2002) и член 23 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“, бр.7/2010,13/2013,08/2015 и 11/2015) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 09.12.2015 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
За избор на приватен партнер за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација, надградба и одржување на системот за јавно осветлување на територијата на Општина Ресен

Член 1

За најповолен понудувач (приватен партнер), по спроведена Отворена постапка за воспоставување на јавно приватно партнерство за договор за јавна

набавка на услуга - Реконструкција, модернизација, надградба и одржување на јавното осветлување на територијата на Општина Ресен, оглас бр. 01/2015, се избира **„ ЏЕМДАГ " АД Индустрија за осветлување и трговија, Турција,** за временски период од 15 години.

Член 2

Изборот на најповолниот понудувач е извршен врз основа на резултатите од спроведената електронска аукција преку електронскиот систем на Министерството за економија на Република Македонија и критериумот за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство утврден во огласот и во тендерската документација, а по претходно направена детална евалуација на пристигнатите понуди.

Член 3

Против оваа Одлука дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот, до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Член 4

Се задолжува Градоначалникот на Општина Ресен , по конечноста на оваа Одлука, согласно понудата на Џемдаг " АД Индустрија за осветлување и трговија-Турција и податоците од физибилити студијата и тендерската документација, да ја продолжи постапката со склучување договор со најповолниот понудувач (приватен партнер).

Член 5

Одлуката да се достави до избраниот приватен партнер и другите учесници во постапкта , архивата и во досието на постапката.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Број 08-2969/2
09.12.2015 година
Ресен

Претседател
Методија Пашковски с.р.

СОДРЖИНА

1. Одлука за избор на приватен партнер за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација, надградба и одржување на системот за јавно осветлување на Општина Ресен.....стр. 1